Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија” бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 , 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 96/19 и 110/19), како и врз основа на член 50 став 6 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/2019) министерот за образование и наука донесе скратена наставна програма по наставниот музичко образование за VII (седмо) одделение на деветгодишното основно образование за учебната 2020/2021 година.

1. **Вовед**

Скратената наставна програма по наставниот предмет музичко образование за VII (седмо) одделение на деветгодишното основно образование се базира на целите/очекуваните резултати предвидени со наставната програма за настaвиот предмет што редовно се реализира согласно утврдениот наставен план.

Со скратенета програма се утврдуваат определени теми и наставни единици што треба да се реализираат за 159 наставни денови, при што се запазува предвидениот неделен фонд на часови утврден во редовната програма, односно за наставен предмет со 1 час неделно се предвидуваат 32 наставни часа во скратената програма во време траење од 30 минутен наставен час.

Наставникот при планирањето и реализацијата на наставните единици од скратената програма се води од целите/очекуваните резултати, определените поими, методите и активностите утврдени во редовната наставна програма.

2. **Преглед на теми и наставни содржини**

Тема/Подрачје

**1. ИЗВЕДБЕНИ АКТИВНОСТИ (пеење, свирење на детски музички инструменти и музичко изразување и творење)** 6 часа

Наставни содржини

1 - Обработка на детски, уметнички, народни песни со опсег а мало - d2 по слух и со примена на нотен запис

2 - Изведба на вежби со различни музички целини (мотиви, фрази, реченици, период, 2- делна и 3-делна форма) со примена на нотни вредности до четвртина со точка – осмина во рамноделните и нерамноделниот 5/8 такт

3 - Музичко изразување на учениците преку изучените елементи од музичка писменост

Тема/Подрачје

**2. СЛУШАЊЕ МУЗИКА** 10 часа

Наставни содржини

1 - Темпо и видови на темпото со стручни изрази во слушаните примери

2 - Динамика (динамичко нијансирање)

3 - Музички целини: мотив, фраза, музичка реченица и период

4 - Дводелна форма;

5 - Триделна форма

6 - Концерт

7 - Поделба на гласовите - женски гласови;

8 - Поделба на гласовите - машки гласови

9 - Поделба на хорови Женски хор, машки хор;

10 - Мешан хор

Тема/Подрачје

**3. МУЗИЧКА ПИСМЕНОСТ** 10 часа

Наставни содржини

1 - Скала a-moll хармонски вид и мелодиски вид со нејзините елементи (имињата на тоновите – солмизација и абецеда, стапало, степен – цел и полустепен, тетракорд, се запишува од a мало до a1)

2 - Повишувалка (диез) и разрешувалка (бекар)

3 - Тонови d2 и e2

4 - Интервали: квинта, секста и септима (само по големина)

5 - Четвртина нота со точка

6 - Нерамноделен 5/8 такт

Тема/Подрачје

**4. НАРОДНО МУЗИЧКО ТВОРЕШТВО - Народни инструменти** 6 часа

Наставни содржини

1 - Народни музички инструменти – општи карактеристики;

Поделбата на народните инструменти на македонскиот народ и народите кои живеат во нашата земја (заеднички и специфични за одредени народи кои живеат во нашата држава);

2 - Детски традиционални инструменти од минатото (чкртало, клепало, писки од жито, писки од врба, ќемане од пченка, тороле, ѕвонци и др.)

3 - Жичени народни инструменти; (тамбура, кемане, ут, канон, чифтелија /qiftelia, лаута /lahuta, ѓурасаз)

4 - Дувачки народни инструменти; (гајда, зурла, кавал, шупелка, дудук, двојанка)

5 - Ударни народни инструменти; (тапан, тарабука, дајре)

## 3. Дидактички препораки

Наставните содржини по музичко образование во VII (седмо) одделение на деветгодишното основно образование спирално се развиваат и надополнуваат на оние од VI (шесто) одделение. Тие овозможуваат внатрешна и надворешна интеграција која подразбира, интегрирано планирање помеѓу наставните теми во рамки на програмата по музичко образование, како и надворешно планирање и интеграција со други наставни предмети. Скратената наставна програма по наставниот предмет музичко образование за VII (седмо) одделение на деветгодишното основното образование ќе се реализира за 159 дена траење во учебната 2020/2021 година, за 32 наставни часови во време траење на наставен час од 30 минути. Наставните содржини од програмата остануваат исти но распоредени во рамките на 32 наставни часа, со што е направено скратување од 4 четири часа. Во оваа програма бројот на часовите е даден орентационо со што се остава простор на наставникот да ја изрази својата креативност спрема матерјално – технички и просторни услови, разни активности и прилагодување на наставата со ново настанатата состојба во светски рамки предизвикана од вирусот Ковид 19. За целосно реализирање на наставните содржини од наставните теми, во оваа програма е предвидено скратувањето од 4 четири часа да се направи во првата наставна тема „Изведбени активности“ која се состои од пеење, свирење на детски музички инструменти и музичко изразување и творење. Содржините во оваа тема се внатрешно интегрирани меѓу себе, со што се овозможува многу полесно изведување и реализирање на предвидените наставни соджини во помал број на предвидени часови. Оваа тема содржи 3 три наставни содржини со предвидена реализација од 10 наставни часа во редовната програма, каде што сега за истите содржини во скратената програма се предвидува реализација од 6 шест наставни часа. Истовремено се остава можност на наставникот, не само во предвидената тема и содржини да може да го направи скратувањето – односно интегрирањето, но и во останати теми и содржини согласно неговата креативност и потреби. Во изготвувањето на планирањата за реализацијата на наставните програми по предметот музичко образование не е предвиден унифициран пристап. Потребно е секој наставник индивидуално да направи спој на наставните содржини од исти и различни теми спрема реалните потреби за реализација на наставата, истовремено имајќи ја предвид логичната поврзаност помеѓу нив. Се препорачува наставникот при реализацијата на наставниот час во кој има интегрирано две или повеќе наставни содржини да обрне внимание на обемот на наставната материја. Наставникот при планирањето и реализацијата на наставните единици од скратената програма се води од целите/очекуваните резултати, определените поими, методите и активностите

утврдени во редовната наставна програма, истовремено земајќи го предвид времетраењето на наставниот час од 30 минути. Следењето на постигањата на учениците секој наставник индивидуално да го интегрира во рамките на предвидените часови за реализација, користејќи најразлични методи, техники и инструменти.

.

## 4. Норматив за наставен кадар

Скратената наставна програма ја реализира наставик согласно нормативот за наставен кадар даден во редовната наставна програма.

Скратената наставна програма по наставниот предмет музичко образование за VII (седмо) одделение на деветгодишното основно образование ја утврди.

Бр.12-8424/21
16.9.2020 година

Министер за образование и наука
**Мила Царовска**